Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на Р.М"бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и член 61 став 1 алинеја 12 од Статутот на Општина Берово („Службен Гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите под кои може да се поднесе Барање и критериумите и постапката и реализацијата на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош.

### Член 2

Средствата за реализација на поднесените барања се планираат во Буџетот на Општина Берово, со соодветни буџетски програми, на годишно ниво по претходно направена процена.

### Член 3

Средствата предвидени во Буџетот на годишно ниво за еднократна парична помош ќе се доделуваат за следните намени:

-еднократна парична помош за лекување;
-еднократна парична помош во случај на пожар;

Право да поднесат барање до Општина Берово за добивање на еднократна парична помош, еднаш годишно, имаат само жителите на општина Берово.

### Член 4

Средствата предвидени во Буџетот на Општина Берово на годишно ниво за **еднократна парична помош за лекување** ќе бидат распределени според следните критериуми:

За лекување на физички лица со тешки болести кои го загрозуваат животот и на лица на кои им се потребни финансиски средства за оперативен зафат или за лекување надвор од државата, се доделува еднократна парична помош до 15.000,00 денари.

Подносителите на барање од став 2 на овој член се должни кон Барањето да приложат:

- Фотокопија од важечка лична карта, со која се докажува дека лицето е жител на општина Берово,
- Фотокопија од трансакциска сметка и
- Соодветна медицинска документација односно еден од наведените документи со кој се докажува дека на лицето му се потребни финансиски средства:
  - медицинска документација со која се докажува потребата од оперативен зафат или за лекување надвор од државата
  - отпусно писмо од болничко лекување

- медицинска документација со која се потврдува дека на лицето му е дијагностицирана болест која му го загрозува животот (карцином).

Медицинската документација која лицето ја поднесува не треба да биде постара од 6 месеци во моментот на поднесувањето на барањето.

Член 5

Еднократна парична помош ќе се доделува и за лица кои претрпеле штета од пожар.

Помошта зависно од причинетата штета ќе се исплатува во две категории:
-прва категорија до 30.000,$_{00}$ денари за поголема штета;
-втора категорија до 10.000,$_{00}$ денари за помала штета.

Барателите на парична помош се должни кон барањето да достават Записник од ДЗС (Дирекција за заштита и спасување) -Берово, фотокопија од лична карта, Имотен лист како доказ за сопственост на опожарениот објект на име на барателот и фотокопија од трансакциска сметка.

Член 6

За преиспитување на комплетноста и оправданоста на барањата, Градоначалникот на Општина Берово формира Комисија.

Комисијата од став 1 на овој член изготвува Записник и истиот го доставува до Градоначалникот.

Врз основа на Записникот на комисијата, Градоначалникот на Општината по основ на барањата одлучува со Решение.

Член 7

Овој Правилник влегува во сила од денот на донесувањето.

Член 8

Со денот на влегување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања од физички лица за добивање на еднократна парична помош со број 01-4964/1 од 29.12.2023 година.

Бр.01-1062/1
14.03.2025 година
Берово

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БЕРОВО *